**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Васко Еленов**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Мито Х. Василев бр.36-1/1**
**тел. 043/416-600;**
**izvrsitelvaskoelenov@yahoo.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 874/2025**

Извршителот Васко Еленов од Кавадарци, ул.Мито Х. Василев бр.36-1/1 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Зоран Јовановски од с.Кумарино,Велес преку полномошник Адвокат Јовица Плушкоски од Струга, засновано на извршната исправа нотарски акт-договор за залог-хипотека ОДУ.бр.360/12 од 14.06.2012 година на Нотар Магдалена Ордева од Велес, против должникот-заложниот должник Виктор Ангелов од Велес, и заложниот должник како стекнувач на недвижноста Агенција за управување со одземен имот Скопје од Скопје, согласно Решение бр.03-2517/11 од 08.07.2013 година на РМ Влада на РМ –Агенција за управување со одземен имот, за спроведување на извршување, во вредност 14.500,00 ЕВРА на ден 19.03.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- Недвижност запишана во **имотен лист со број 27236 за КО ВЕЛЕС** при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Велес со следните ознаки :

  -КП.бр.2509, дел 0, адреса С.Пинџур , број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат 2, број 1, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 6м2,
  -КП.бр.2509, дел 0, адреса С.Пинџур, број на зграда1, намена на зграда А1, влез 1, кат 2, број 1 , намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 55м2,

  ,која недвижност се наоѓа во сопственост на заложниот должник како стекнувач на недвижноста Агенција за управување со одземен имот Скопје од Скопје, согласно Решение бр.03-2517/11 од 08.07.2013 година на РМ Влада на РМ –Агенција за управување со одземен имот,

**Продажбата ќе се одржи на ден 15.04.2026 година (среда) во 11:00 часот во просториите на на Извршител Васко Еленов од Кавадарци со седиште на ул.Мито Х.Василев бр.36/1-1 во Кавадарци.**

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Васко Еленов со И.бр.874/2025 од 25.02.2026 година изнесува 3.618.905,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.**

Сите даноци, такси и трошоци кои ќе настанат по основ на купопродажбата и преносот на сопственоста паѓаат на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености : Договор за залог –Хипотека со ОДУ.бр.360/12 од 14.06.2012 година на Нотар Магдалена Ордева; Налог за извршување на недвижност И.бр.874/2025 од 17.11.2025 година на извршител Васко Еленов врз основа и на кој се спроведува ова извршување. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа

не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста **односно износ од 361.890,00 денари.**

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 280109101730348 која се води кај Силк Роуд Банка АД Скопје и даночен број 5011010501830.**

**Уплатената гаранција да биде уплатена најдоцна до 14.04.2026 година (вторник) односно да биде гаранцијата пристигната на сметка на извршителот најдоцна до 14.04.2026 година.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање весникот Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Васко Еленов